**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-6034/**

# З А П И С Н И К

**Од 196.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 16.09.2022 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:** проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Зам.претседател на Програмскиот совет,Снежана Клинчарова,м-рРисте Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани,Златко Јанковски,Ивана Трајковска,Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска и Анита Латифи. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:** д-р Агим Лека. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:** Горан Атанасов-Директор на заеднички функции и администрација во МРТ,Дарко Стефановски-Претседател на Надзорен одбор на МРТ, Емилија Николова Христовска-Сектор за финансиско работење на МРТ и Слаѓана Миливојевиќ-Претседател на Синдикалната организација при МРТ. |

***196.седница на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку платформата Скајп.***

Седницата започна во 11:30 часот.
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предложениот дневен ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои и продолжи со работа по следниот дневен ред.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на записникот од 195.седница на Програмски совет на МРТ.

2. Разгледување и усвојување на Колективен договор за измена и дополнување на Колективниот договор на ЈРП МРТ.

3. Разно.

**ТОЧКА1:Разгледување и усвојување на записникот од 195.седница на Програмскиот совет на МРТ.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 195.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
Заменик Претседателот на советот Ведат Мемедалија и членот на советот Снежана Клинчарова има одредени забелешки за запсиникот од 195.седница.
По расправата записникот од 195.седница на Програмскиот совет на МРТ беше одлучено да се корегира и да се достави на усвојување на првата наредна седница на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА2:Разгледување и усвојување на Колективен договор за измена и дополнување на Колективниот договор на ЈРП МРТ.**
На почетокот од расправата по оваа точка пред членовите на советот беше презентирана Информација за измените и дополнувањата на Колективниот договор на ЈРП МРТ во која се вели дека врз основа на неколкумесечните преговори помеѓу претставниците на Синдикалната организација при МРТ и членовите на преговарачкиот тим на ЈРП МРТ, договорени и усогласени се измени и дополнувања на Колективниот договор на ЈРП МРТ.
Имено правата измена и дополнување се однесува на членот 67 од Колективниот договор, при што предвидено е промена на пресметковната вредност на коефицент 1 во ЈРП МРТ, односно планирано е пресметковната вредност на коефициент 1 да биде во висина од минималната нето плата утврдена со Закон(моменталната пресметковна вредност изнесува 15.038,00), со обрска потписниците на КД еднаш годишно врз основа на растот на трошоците за живот и растот на минималната плата да ја усогласт прсметковната вредност за коефициент 1. Предвидено е оваа измена да се применува од септември 2022 година. Имајќи го во предвид бројот на вработени, како и предвиденото зголемување на пресметковната вредност на 18.000,00 денари нето неопходно беше и промената на сите коефициенти за сложеност на работните места кои ќе се намалат, со тоа што платата на вработените во ЈРП МРТ ќе се зголеми линеарно за сите работни места по 3.300,00 денари.
Во ЈРП МРТ се применува концептот на бруто плата, а тоа значи дека од бруто платата се намалуваат придонесите и данокот на личен доход, па се добива нето платата на работникот ( бруто плата - придонеси-длд = нето плата).
Имено по направните пресметки согласно член 67 од колективниот договор, новата пресметковната вредност на коефициент 1 изнесува 18.000 ден односно превидено е дека зголемувањето на основната бруто платата на месечно ниво во ЈРП МРТ би била околу 4.000.000 месечно, односно околу 48.000.000 во тековната 2022 година односно следната 2023 година, за тековните и планираните 704 вработени во ЈРП МРТ. Секоја промена на бројот на вработени ќе значи и промена на овој предвиден износ.
Средствата по основ на исплата на бруто плата за вработени се предвидени во финансискиот план на ЈРП МРТ за 2022г и за истите се обезбедени средства и не треба да се прави пренамена на средства за дополнителни средства.
Во измената во член 71 во ставот 1 алинеата 1 се прецизира во кои случаи се исплаќа додатокот за работа во смени, а притоа се додаваат два нови става со кои на вработените кои се максимум две години пред исполнување на условот за староснa пензија им се исплаќа додаток на основната бруто плата во висина од 5% со примена од 01.01.2023 година. Спроед податоците во ЈРП МРТ овој надоместок почнувајќи од 01.01.2023 година ќе го добиваат 94 вработени, а вкупната зафатнина по овој основ ќе биде 200.000,00 денари месечно во бруто износ и тој ќе биде предвиден во финансискиот план на ЈРП МРТ за 2023 година.
Понатаму предвидено е по членот 71 да се додаде нов член 71а со кој е предвидено на вработените кои имаат деца со телесна и психичка попреченост да им се исплаќа надоместок во висина од 20% од просечната плата по работник во РСМ согласнос податокот од ДЗС.

Овој надоместок ке се исплаќа по доесувањето на Правилникот со кој ќе се утврдат криетриумите за овој надоместок, но не подоцна од 90 дена од потпишувањето на измените и дополнувањата на КД. Во овој момент немаме точен податок за колку вработени станува збор, поради што не можеме да излеземе со конкретна пресметка колку средства би требало да се издвојат по однос на оваа точка, но според неофицијални податоци од преставниците на Синдикалната организација станува збор за не повеќе од 4 случаи.
Во член 77, во делот за Јубилејна награда, ќе се исплаќа за 10г,20г,30г,35г и 40г. Во следните две години, вработени кои ќе го исполнуваат овој услов се 100 вработени во ЈРП МРТ. Годишниот планиран износ е 900.000 ден со вклучен персонален данок.
Во член 77 во точка 5, предвидениот износ за регрес за годишен одмор за 2022 година изнесува околу 10.200.000 ден, а додека во 2023 година треба да се планираат 12.500.000 ден, со оглед на тоа дека износот за регрес за годишен одмор од досегашните 40% од просечната исплатената нето плата во последните три месеци во 2023 година ќе се зголеми на 60%.
Потоа збор зема Претседателот на Надзорниот одбор на МРТ Дарко Стефановски кој објасни дека Надзорниот одбор на своја седница ги разгледа и расправаше по предлог Измените и дополнувањата на Колективниот договор на ЈРП МРТ,и притоа даде неколку процедурални и формални забелешки.
Надозорниот одбор на МРТ врз основа на изложеното и аргументираното во Информацијата за потребата од донесување на Колективен договор за измена и дополнување на Колективниот договор на ЈРП МРТ број 01-4175/7 од 31.07.2019 година и број 123/2019 од 31.07.2019 година,со Предлог Колективен договор за Измена и дополнување на КОЛЕКТИВНИОТ ДОГОВОР НА ЈРП МРТ број 01-4175/7 од 31.07.2019 година и број 123/2019 од 31.07.2019 година, цени дека донесувањето на измените ќе имаат позитивно влијание врз деловното работење на ЈРП МРТ и дава согласност за донесување на истите.
Надзорниот одбор на МРТ врз основа на дискусиите изнесени на седницата цени дека член 7 од Предлог Колективениот договор за измена и дополнување на Колективниот договор на ЈРП МРТ број 01-4175/7 од 31.07.2019 година и број 123/2019 од 31.07.2019 година, треба да претрпи промена во насока на времетраењето на измената на Колективниот договор на ЈРП МРТ број 01-4175/7 од 31.07.2019 година и број 123/2019 од 31.07.2019 година, односно да биде со важност колку што трае Колективниот договор на ЈРП МРТ бр. 01-4175/7 од 31.07.2019 година и број 123/2019 од 31.07.2019 година.

Слаѓана Миливојевиќ Претседател на Синдикалната организација при МРТ во продолжение кажа како се одвивале преговорите предходно помеѓу Менаџментот на МРТ и Синдикалната организација на МРТ, каде како што кажа имало повеќе препреки и несогласувања и се одвивале тешко за разлика од минатите, и дека на крај се успеало да се донесе еден финален документ, кој сега е пред Надзорниот одбор и Програмскиот совет на МРТ на разгледување и усвојување.
Слаѓана исто така посочи дека не знаеме од која причина дали техничка или со намера не е ставен делот кој беше предвиден од наша страна-Синдикалната организација да учествува во изготовката на Правилникот за систематизациа на МРТ.
Слаѓана Миливојевиќ посочи дека присуствувала и на седницата на Надзорниот одбор на МРТ каде се расправало за документот, и како што кажа самата не се усогласивме само во делот на членот 7 од договорот кој го опфаќа времетраењето,важностана договорот, а останатите работи беа проифатливи за двете страни.

Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац даде свое видување за потребата од донесување на Колективен договор за измена и дополнување на Колективниот договор на ЈРП МРТ,и ја оцени позитивно оваа иницијатива и додаде дека ова ќе биде од големо значење за вработените во МРТ.Во делот на важноста не треба да се оди надвор од важноста на основниот Колективен договор на МРТ, а по однос на делот за новата систематизацијата истакна дека Синдикалната организација на МРТ не треба да чека некој да

ја вклучи во изработката на Систематизацијата на работните места, туку дека сама треба да изработи и да даде предлог до Менаџментот на МРТ.

Членот Гајур Рамадани постави прашање дали е предвидено и има законска основа членот 71 во кој се додаваат два нови става со измените на колективниот договор, со кој на вработените кои се на две години пред исполнување на условот за старосна пензија им се исплаќа додаток на основната плата во висина од 5%.
Директорот Горан Атанасов одговори дека е проверено од страна на службите и истото не е забрането со никаков закон.
Слаѓана Миливојевиќ Претседател на Синдикалната организација при МРТ се надоврза дека овој пример е во консултација со повеќе други државни претпријатија и институции кои го имаат реглирано истото ова на ваков начин и практично е превземено од нив.

Снежана Клинчарова го поздрави завршувањето на преговорите и донесувањето на конечниот документ и кажа дека е прифатлива забелешката на Надзорниот одбор на МРТ која се однесува на членот 7 од Колективениот договор за измена и дополнување на Колективниот договор на ЈРП МРТ, а што се однесува до учеството на Синдикалната организација на МРТ во изготвувањето на Систематизацијата на работните места во МРТ, мора најпрво да се земе во предвид нашата легислатива во која истото не е пропишано, но како синдикат може да учествуваат на други начини и тоа не може да им биде одземено.

По расправата Претседателката на Програмскиот совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац ги стави на гласање Измените и дополнувањата на Колективниот договор на ЈРП МРТ.
■**Колективниот договор за измена и дополнување на Колективниот договор на ЈРП МРТ** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **11** членови,
- ПРОТИВ гласаше: **0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Колективниот договор за измена и дополнување на Колективниот договор на ЈРП МРТ е едногласно **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА3:Разно.**
По однос на оваа точка од дневниот ред беше разгледано Известување од Собранието на РМ со бр.03-6017/1 од 15.09.2022 година, во кое се констатира престанок на мандатот на членот на Програмскиот совет на МРТ-**Косана Николиќ Мазнева**.

Седницата заврши во 12:50 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател